

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

***Јули 2019 година***
***ЕУЦ-број 47/2019***

## ФИНСКО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО ЕВРОПСКАТА УНИЈА




### Содржина на вести:

| | |
|---|---|
| Финско претседателство со Европската унија | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2-3 |
| Самит на Западен Балкан во Познан | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4-5 |
| Предвремени парламентарни избори во Грција | 6 |
| Колку европските службеници ја познаваат етичката рамка на ЕУ | 6 |
| Усогласување на полското законодавство во областа на правосудството | 7 |
| Неизвесно укинувањето на продажбата на автомобили на фосилни горива во Данска | 7 |
| Франција воведува нов закон за борба против говорот на омраза | 8 |
| Странски директни инвестиции во ЕУ во 2018 година | 8 |
| Борис Џонсон нов лидер на британските конзервативци | 9 |
| Самит на Процесот за соработка во Југоисточна Европа | 9 |
| Влијанието на социјалните медиуми врз младите | 10 |
| Луксембург со највисока стапка на автомобили по жител во ЕУ | 10 |
| Финансиска поддршка за брачните двојки во Унгарија | 11 |
| Нова дигитална публикација на Евростат | 11 |
| ЕУ календар / септември 2019 | 11 |

### Одржлива Европа - одржлива иднина

Финска е претседавач со Советот на Европската унија од јули до крајот на декември годинава. Актуелното трио на земји-членки на ЕУ кои ротираат во период од 18 месеци се Романија, Финска и Хрватска.
Во 18 месечната програма на трите земји поставени се долгорочните цели и заедничката агенда за главните теми и прашања кои ќе се адресираат од Советот на ЕУ.
Приоритетите на претседателството на Финска која по трет пат претседава со Советот на ЕУ се следните:
1. зајакнување на заедничките вредности и владеењето на правото;
2. поконкурентна и социјално инклузивна Европска унија;
3. зајакнување на позицијата на ЕУ како глобален лидер во климатските активности;
4. сеопфатна заштита на безбедноста на граѓаните.
Европската унија се соочува со покомплексно и понепредвидливо глобално опкружување, голема конкуренција на моќ и предизвици за системот на меѓународните правила и принципи.
Темелите на Европската унија - мир, безбедност, стабилност, демократија и просперитет мора да се заштитат единствено преку заедничко дејствување и одбрана на заедничките европски вредности.
Потребно е зајакнување на владеењето на правото со цел ЕУ да може кредибилно да го одбрани мултилатералниот систем базиран на правила и меѓународни институции за човекови права како и да им овозможи мир и еднакви права на европските граѓани.
Транспарентноста, подобрување на регулативата, вклученост на граѓаните и почитувањето на принципите на субсидијарност и пропорционалност, се клучни за зајакнување на довербата во ЕУ.
Политиката за проширување е стратешко инвестирање во мирот, стабилноста и развојот на Европа. Основните европски вредности се од суштинско значење за сите партнери кои имаат аспирации за членство во ЕУ. Финска ќе продолжи да работи на веродостојна перспектива за проширување на Западен Балкан, кој е регион од висока стратешка вредност за ЕУ.
Финска го презеде претседателството со ЕУ во важен момент кога лидерите на ЕУ на состанокот на Европскиот совет на крајот на јуни годинава постигнаа договор за амбициозната стратешка агенда на ЕУ за 2019-2024.
Финското претседателство ќе биде прво кое ќе ги вклучи новите приоритети од стратешката агенда на ЕУ, во работата на Советот.

www.eu2019.fi

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

www.europarl.europa.eu

**Конституиран деветтиот состав на Европскиот парламент.**

**Давид Сасоли со 345 гласа избран за претседател на Европскиот парламент.**

**Урсула Фон Дер Лајен избрана за претседател на Европската комисија.**

### *Пленарна сесија 02-04 јули 2019*

Деветтиот состав на Европскиот парламент се конституираше на 02 јули 2019 година во Стразбур. Новиот состав на Европскиот парламент има 61% нови европратеници во споредба со претходниот состав и поголем број на жени пратенички 40%, во однос на 37% во составот од 2014 година.

Најмлад европратеник е Кира Мари Петер-Хансен од Данска (21), најстар е Силвио Берлускони од Италија (82).

Новиот парламент е составен од седум политички групи - една помалку од претходниот состав, а сите пратеници кои не се приклучиле кон одредена група се независни. Според деловникот за работа на Европарламентот од 2009 година, политичка група е составена од најмалку 25 пратеници избрани во најмалку седум земји-членки на ЕУ.

Европратениците гласаа и го потврдија составот и бројот на членови на 20-те парламентарни комитети и два поткомитети. Претседавачите ќе бидат избрани на конститутивен состанок на секој комитет и поткомитет. Политичките групи треба да ги соопштат листите на нивните заменици во комисиите.

Четири кандидати за функцијата претседател на Европскиот парламент, Ска Келер, Сира Реџо, Давид-Мариа Сасоли и Јан Захрадил ја претставија својата визија за нивното раководење со ЕП, со одделни говори. Откако освои 345 од вкупно 667 важечки гласови во вториот круг, за претседател на Европскиот парламент беше избран Давид Сасоли, кој ќе го води Парламентот до јануари 2022 год. Како италијански европратеник од 2009 година, Сасоли беше реизбран на листата на Партито Демократи во централна Италија во мај 2019 година за трет мандат.

Кандидат за претседател на ЕП може да биде предложен од политичка група или 1/20 од европратениците, односно 38 европратеници што претставува „низок праг“ воведен со ревидираниот Деловник за работа на ЕП. Изборот на претседател се врши со тајно гласање (член 15 од Деловникот), а за да биде избран кандидатот мора да освои апсолутно мнозинство од важечките гласови, односно 50% плус еден.

На пленарната сесија беа избрани 14 потпретседатели на Европскиот парламент со гласање во три круга, со мандат од две години и шест месеци.

Во дебатата европратениците го истакнаа недостатокот од застапеност на источноевропските земји, како и прекумерната улога во целиот процес од страна на лидерите на земјите-членки кои не го почитуваат владеењето на правото. Повеќето европратеници беа критични за тоа како се избираат кандидати за највисоки позиции на ЕУ, без оглед на постапката на избор на кандидатите.

Со мандат од две и пол години со акламација беа избрани петте нови квестори на ЕП кои се занимаваат со административни прашања. Заедно со претседателот и потпретседателите, квесторите го формираат Бирото на Европскиот парламент во кое се утврдени правилата за функционирање на Парламентот. Меѓу другите задолженија Бирото го подготвува предлог-буџетот на Парламентот и одлучува за административни и кадровскипрашања.

### *Пленарна сесија 15-18 јули 2019*

Пред изборот за претседател на Европската комисија, на втората пленарна сесија на ЕП во јули, германката Урсула Фон Дер Лајен ја претстави својата визија за ЕУ посветена на борбата против климатските промени, заштита на европските вредности и демократијата и одлучна во борбата за родова еднаквост. Во говорот Фон Дер Лајен предложи уште посмела цел за намалување на емисијата на штетни гасови за 55% до 2030 година, наместо досегашните 50%.

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

За време на првите 100 дена на чело на Европската комисија Лајен се обврза да достави план за „Зелен договор за Европа“ и европски климатски закон. Исто така ги објави плановите за одржливи европски инвестиции, вклучувајќи делумна конверзија на фондовите на Европската инвестициска банка во „климатска банка“, со цел да обезбеди инвестиција во вредност од 1 трилион евра во наредните десет години.

Европратениците дебатираа за остварените резултати од Романското претседателство со ЕУ, по обраќањата на премиерот Виорика Данчила и потпретседателот на Комисијата, Марош Шефчович.

Европскиот парламент го одобри составот на 44 меѓупарламентарни делегации за парламентарна соработка со други држави, региони и организации, меѓу нив и Делегација за односи со Република Северна Македонија која брои 13 членови и нивни заменици.

Одобрувањето на составот на делегацијата на пленарната сесија на Европскиот парламент, се врши врз основа на внатрешни одлуки на политичките групи и независните членови на ЕП.

Во составот на делегацијата мора да се обезбеди правична застапеност на земјите-членки, политички мислења и родовата припадност.

Претседателот и потпретседателот на делегацијата ќе бидат избрани на основачкиот состанок на делегацијата, што треба да се одржи во септември годинава.



www.europarl.europa.eu

**Одобрен составот на Делегацијата на ЕП за односи со Република Северна Македонија.**

## САМИТ ЗА ЗАПАДЕН БАЛКАН ВО ПОЗНАН

Самитот за Западен Балкан се одржа на 4 и 5 јули годинава во Познан, каде ЕУ ја потврди заложбата за зајакнување на соработката со регионот преку конкретни мерки фокусирани на пет клучни области: транспорт и енергија, дигитална економија, безбедност и добрососедски односи.

Лидерите учесници на Самитот едногласно ја потврдија европската перспектива на регионот, според документот на полската влада од заклучоците на Самитот во Познан.

Предлогот за организирање парламентарен дијалог меѓу земјите од Западен Балкан на неколку држави беше поддржан од страна на учесниците на самитот, се наведува во извештајот „Европа-Западен Балкан".

На Самитот се нагласи поддршката за приоритетите на Западен Балкан (Агендата за поврзување), регионалната економска зона, како и зајакнувањето на владеењето на правото и основните права во регионот.

Како задача од највисок приоритет во решавањето на билатералните проблеми, се истакнаа случаите на исчезнати лица и воени злосторства.

Документот исто така се однесува и на иднината на Берлинскиот процес и на следниот самит што ќе се одржи во 2020 година кога домаќини ќе бидат Бугарија и Северна Македонија.

Poznań 2019
Western Balkans Summit

На самитот во Познан, за Република Северна Македонија беа одобрени средства за проекти во износ од 43 милиони евра.

Самитот се одржа во Познан бидејќи со Берлинскиот процес во моментов претседава Полска која како приоритети на претседателството ги наведе економската, културната и безбедносната соработка, соработката во граѓанското општество и на младите луѓе, развој на енергетиката и транспортната инфраструктура.

Во рамките на Берлинскиот процес досега се одржани пет самити: во Берлин (2014), Виена (2015), Париз (2016), Трст (2017) и Лондон (2018).

**Одобрени средства за проекти од 43 милиони евра за Република Северна Македонија.**

http://europa.eu/

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА



www.sobranie.mk

Делегација на Собранието предводена од претседателот Талат Џафери, заедно со потпретседателката Фросина Ташевска Ременски и координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ Никола Мицевски, од 17 до 19 јули 2019 година учествуваа на Форумот за демократското партнерство на Претставничкиот дом на САД. Во рамките на форумот остварија средба со Пол Фуфер, висок претставник на канцеларијата за Јужна и Централна Европа во Стејт Департментот. На средбата Фуфер ги поздрави потпишувањето на Преспанскиот договор и Договорот за добрососедство со Бугарија. Делегацијата во текот на посетата оствари средба и со високиот претставник на Комитетот за надворешни работи на САД, Дамјан Марфи. На форумот претседателот Џафери имаше свое обраќање на тема „Легислативната отвореност и транспарентност за зголемување на граѓанската доверба и вклученост". Директорот на НДИ, Дерек Мичел организираше заедничка средба на претставниците на парламентите на сите земји учеснички на форумот. Во презентацијата претседателот Џафери ја истакна целта Собранието да биде независна институција од аспект на администрација, обезбедување и финансии со поцврст капацитет во вршењето на својата надзорна улога над извршната власт.

Претседателот на Собранието Талат Џафери на 07 јули 2019 година оствари средба со Елиот Енгел, претседател на Комисијата за надворешна политика на Претставничкиот дом на Конгресот на САД. Енгел ја реафирмира силната поддршка на САД за членството на Република Северна Македонија во НАТО, притоа честитајќи за определбата на нашата држава за развојот на добрососедските односи и покажаната храброст при донесувањето на вистински одлуки во насока на решавање на сите отворени прашања. Двајцата соговорници истакнаа дека билатералните односи меѓу двете држави се на највисоко ниво од воспоставувањето на дипломатските односи и континуирано ја следат нагорната линија.





Претседателот на Собранието Талат Џафери на 26 јули оствари средба со Филип Т. Рикер, в.д. помошник државен секретар на САД за европски и евроазиски прашања, а присуствуваше и Амбасадорката на САД, Н.Е. Кејт Мари Брнз. На средбата беа разменети мислења околу актуелните активности во делот на евроатлантските интеграции и членството на Република Северна Македонија во НАТО и во ЕУ, како и за билатералната соработка меѓу Република Северна Македонија и САД. Двајцата соговорници изразија очекување дека земјата до крајот на годината ќе стане 30-та членка на НАТО и беа согласни дека стратешките и блиски пријателски односи меѓу двете земји ќе продолжат да се негуваат и унапредуваат и во иднина.

На 02 јули 2019 година претседателот на Собанието, Талат Џафери оствари средба со Антонио Мисироли, заменик-генерален секретар на НАТО за нови безбедносни предизвици, кој престојуваше во официјална посета на Република Северна Македонија.На средбата соговорниците разменија мислења за значењето и улогата на парламентарната демократија, меѓународната соработка и вклученост на Собранието во меѓународните настани и форуми, како и менаџирањето на внатрешниот баланс меѓу политичките сили во земјата во насока на градење на функционален парламент.



## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА

Во рамките на Финското претседателство со Европската унија, Шпреса Хадри, член на Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Северна Македонија на 21 и 22 јули 2019 година учествуваше на Конференција на претседателите на парламентарните комисии за европски прашања на земјите членки на ЕУ - КОСАК, што се одржа во Хелсинки, Финска. Во излагањето на конференцијата пратеничката Хадри истакна дека придружувањето кон ЕУ претставува силен мотив и двигател на европските реформи во сите области во регионот.





Делегација на Собранието на Република Северна Македонија, предводена од Фадил Зендели, претседател на Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот и пратениците Сашко Атанасов, Трајчо Димков, Панчо Минов, Слаѓана Митовска, како и Зеќир Рамчиловиќ, претседател на Пратеничка група на Собранието за соработка со Парламентот на Босна и Херцеговина, на 09 јули 2019 година оствари средба со Дуда Баље, претседателка на Комисијата за човекови права, родова еднаквост, исчезнати лица и петиции од Република Косово. На средбата соговорниците истакнаа дека двете земји работат на почитувањето на човековите права и изразија подготвеност да продолжат со остварување на редовните контакти.

На 10 јули 2019 година претседателот Џафери имаше свое обраќање на промотивниот настан по повод потпишувањето на меморандум за разбирање за воспоставување на законска основа за спроведување на проектот „Програма за поддршка на Парламентот“ со Швајцарија. На настанот присуствуваше и амбасадорот на Швајцарската Конфедерација во Република Македонија, Сибил Зутер Техада. За имплементатор на проектот е избран Националниот демократски институт.





www.sobranie.mk

Делегација на Собранието на Република Северна Македонија во ПС на ОБСЕ предводена од пратеникот Владимир Ѓорчев, шеф на Делегацијата и членовите Јагода Шахпаска и Реџаиљ Исмаили од 04 до 08 јули 2019 година учествуваа на 28-та Годишна сесија на Парламентарното собрание на ОБСЕ (ПС на ОБСЕ) во Луксембург. Трите комисии на Парламентарното собрание на ОБСЕ дискутираа за извештаите и предлог-разолуциите на тема: „Поттикнување на одрживиот развој за промовирање на безбедноста: улогата на парламентите“. На годишната сесија беше усвоена „Декларација од Луксембург“ во која се содржани широк спектар препораки за прашања од полето на политиката, економијата, животната средина и човековите права, кои се доставени владите на земјите учеснички. Годишната сесија е најголемиот собир на Парламентарното собрание на ОБСЕ, кое го сочинуваат 323 парламентарци од 57 земји од Европа, Централна Азија и Северна Америка.

### Закони од НПАА донесени во Собрание во јуни 2019

| | Наслов на законот | Поглавје | Пленарна седница |
|---|---|---|---|
| 1 | Закон за контрола на надворешно трговскиот промет со необработени дијаманти | 30 НАДВОРЕШНИ ОДНОСИ | 104 седница, 9.07.2019 |

## ПРЕДВРЕМЕНИ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ ВО ГРЦИЈА 2019



На предвремените парламентарни избори во Грција што се одржаа на 7 јули 2019 година победи десноцентристичката партија Нова демократија, со што по четири години во опозиција, оваа партија повторно ја презема власта. Нова демократија освои 39,85% од гласовите, односно 158 пратенички места, а левичарската СИРИЗА е на второ место, со 31,53% или 86 пратенички места. Излезноста на изборите беше околу 57%, што е една од најниските во последните неколку децении.

На парламентарните избори во Грција се гласаше во 59 изборни единици во кои се избираат 288 од 300 пратеници во грчкиот Парламент. Останатите 12 се на листа која важи за целата земја. Овие избори беа последни на кои партијата победник добива бонус 50 пратенички места, бидејќи согласно промените во Изборниот законик изгласан на 22 јули 2016 во Грција се воведува пропорционален модел и се укинува бонусот за првата партија.

Вкупно 20 партии учествуваа на изборите, а една партија за да влезе во грчкиот Парламент потребно е да добие минимум 3% од гласовите. Во зависност од тоа колку мали партии ќе обезбедат место, така и се распределува бројот на пратеници.

Согласно грчкиот Устав, партијата што ќе освои најголем број гласови од претседателот на земјата добива 72 часовен мандат за формирање влада. Доколку не успее да формира влада, го враќа мандатот, кој потоа го добива втората и на крај третата партија, доколку и вториот обид е неуспешен. Ако ниту една од трите партии не успее да формира влада, тогаш претседателот на државата свикува лидерска средба, а доколку таа не донесе резултат, се распишуваат нови парламентарни избори, како што беше случај пред седум години, во јуни 2012.

Новиот грчки премиер Мицотакис ги именува членовите на неговиот кабинет на 08 јули 2019 година, а веќе наредниот ден на 09 јули тие дадоа свечена заклетва. Покрај шефот на владата и еден вицепремиер, кабинетот има уште 18 министри.

## КОЛКУ ЕВРОПСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЈА ПОЗНАВААТ ЕТИЧКАТА РАМКА НА ЕУ?




Иако Европскиот парламент, Советот и Европската комисијата имаат воспоставено соодветни етички рамки, според новиот Извештај на Европскиот суд на ревизори објавен на 19 јули 2019 година, идентификувани се одредени области кои треба да се подобрат и усогласат.

Судот на ревизорите кој е официјалното тело за ревизија на ЕУ спроведе анкета меѓу 798 вработени во трите најважни институции од ЕУ. Извештајот ја нагласува потребата од зајакнување на свеста на вработените и перцепцијата на етичката рамка и култура. Вработените во Европската комисија биле најсигурни во врска со нивното познавање на етичката рамка што се применува во нивната институција: речиси 60% се изјасниле дека имаат „добро знаење“.

Само 26% од вработените во Европскиот парламент одговориле на истото прашање, додека 17% од вработените во ЕП се изјасниле дека никогаш не слушнале за етичка рамка, а 55% рекле дека слушнале за тоа, но не знаат многу околу тоа. Околу 80% од вработените во ЕП се изјасниле дека никогаш не присуствувале на етички курсеви, семинари или сесии, додека половина од сите вработени во Европската комисијата и 1/3 од персоналот на Советот на ЕУ истакнале дека присуствувале на обуки.

Повеќето испитаници на истражувањето се изјасниле дека ќе пријават неетичкото однесување, но скоро 30% од анкетираните вработени во трите институции на ЕУ се изјасниле дека нема да се чувствуваат безбедно да пријават за одредено етичко прашање. Ова особено се однесува на асистентите на европратениците, кои особено биле колебливи за известување за прашања поврзани со етиката.

„Неподготвеноста да се пријават етички прашања може да резултира од недостаток на знаење за релевантните процедури и заштитни мерки“, се наведува во Извештајот на Европскиот суд на ревизори.

Како одговор на ревизорскиот извештај, сите три институции на ЕУ велат дека веќе планираат или спроведуваат напори за подобрување на познавањето на правилата за етичко однесување.Кодексот на однесување на пратениците креираше Советодавен комитет за однесување на европратениците кој може да ги процени случаите на судир на интереси по барање на претседателот на парламентот или засегнатиот европратеник.

www.eca.europa.eu

## УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПОЛСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО ВО ОБЛАСТА НА ПРАВОСУДСТВОТО



Европската комисија на 17 јули годинава извести дека преминува во втора фаза од постапката за кршење на европските регулативи во Полска и достави образложено мислење за новиот дисциплински режим за полските судии. Комисијата определи рок од два месеца на Полска за да го усогласи системот на дисциплински постапки и казни за судиите со цел да се гарантира независност на судиите и нивна заштита од политичка контрола.
Доколку Полска не преземе соодветни мерки, Комисијата може да одлучи случајот да го упати до Судот на правдата на ЕУ.
Полското законодавство дозволува на судиите на основните судови да бидат подложени на дисциплински истраги, процедури и санкции врз основа на содржината на нивните одлуки, вклучувајќи го и правото според член 267 од Договорот за функционирање на ЕУ да побара прелиминарни одлуки од Европскиот суд на правдата.
Во последниве месеци Полска започна дисциплинска постапка против судиите кои започнаа да испраќаат прашања до Судот на правдата на ЕУ за независноста на судството во Полска, по реформата. Ова беше доволна потврда за Европската комисија дека судиите се казнуваат за нивните одлуки.
Постапката за утврдување на кршење на европското законодавство во судството со дисциплинската постапка против судии, Европската комисија ја започна на 3 април 2019 година. Европската комисија објави дека доследно ќе ги користи тужбите на Европскиот суд за правда во иднина и ќе бара од Судот на ЕУ да наметне привремени мерки со цел оспорените полски параграфи да се решат со конечна пресуда. На овој начин, Судот на ЕУ претходно успеа да стави крај на чистките во Врховниот суд на Полска.
Владеењето на правото е од суштинско значење за функционирањето на ЕУ и треба да се почитува од сите земји-членки на ЕУ, истакна неодамна новата претседателка на ЕК, Фон Дер Лајен за телевизија Полсат.

http://europa.eu

## НЕИЗВЕСНО УКИНУВАЊЕТО НА ПРОДАЖБАТА НА АВТОМОБИЛИ НА ФОСИЛНИ ГОРИВА ВО ДАНСКА



Во писмото од Комесарот на ЕУ за внатрешен пазар и индустрија, Елзбиета Биенковска упатено до Европскиот комитет на Данскиот парламент (Europaudvalg) се наведува дека забраната за продажба на возила на бензин или дизел е спротивно на правото на ЕУ. Забраната за продажба, увоз или регистрација на возилата на бензин или дизел од страна на некои членки ќе претставува кршење на одобрените правила на ниво на ЕУ.
Доколку Данска сака да ја спроведе забраната потребно е да се изменат правилата на ЕУ, што е малку веројатно да се постигне до 2030 година. Од друга страна, интересот на Германија во производството на автомобили и законодавството кое го регулира истото е клучна причина за настанатата ситуација.
„Повеќе од јасно е дека електричните автомобили се прекугараничен феномен. Автомобилите се возат преку националните граници, се произведуваат и продаваат низ цела Европа, затоа оваа област мора да се регулира на ниво на ЕУ“, истакнува професорот по политички науки на Универзитетот Копенхаген, Петер Недергард.
Главна причина за несогласувањето е интересот на Германија во автомобилската индустрија и законите кои важат за производителите на автомобили. Дополнително се покренува прашањето за регулирање на електричните возила, каде Германија како водечки производител на автомобили има голем интерес.
Актуелната влада на Данска, како и претходната постави за цел до 2030 година да ја стопира продажбата на автомобили на фосилно гориво. Но, достигнувањето на целта може да го блокира Европската унија.

www.thelocal.dk

## ФРАНЦИЈА ВОВЕДУВА НОВ ЗАКОН ЗА БОРБА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА




Француските пратеници на 10 јули 2019 година усвоија Закон за борба против говорот на омраза.
Новиот закон ги обврзува мрежите на социјалните медиуми да ги отстранат навредливите содржини во рок од 24 часа и да создадат ново копче за да им овозможат на корисниците да ја означат злоупотребата.
Членовите на долниот дом на парламентот го усвоија законот со 434 гласа, 33 против и 69 воздржани.

Законот е креиран според германското законодавство што стапи на сила минатата година.
Веб-страниците кои нема да постапат согласно предвидените одредби од новиот закон и не ја отстранат „очигледно навредливата“ содржина ќе се соочат со казна од 1,4 милиони американски долари.
Интернет пребарувачите како Гугл исто така ќе мора да ја избришат таквата содржина во рок од 24 часа. Сенатот од горниот дом ќе го разгледа законодавството по летните одмори со можност да предложи измени и дополнувања.
Критичарите велат дека законот остава премногу сила во рацете на онлајн платформите, правејќи ги арбитри на онлајн говор и може да ги наведе да ги повлечат содржините во случај на сомнеж, наместо да ризикуваат парична казна.
Фејсбук, исто така, се сомнева дали периодот од 24 часа за отстранување на содржините е реален, велејќи дека многу мислења бараат внимателна анализа и прецизна правна проценка.
Техничките гиганти, вклучувајќи ги Фејсбук и Јутјуб објавија мерки против омраза и насилни содржини во последниве месеци.

https://www.euractiv.com

## СТРАНСКИ ДИРЕКТНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ЕУ ВО 2018 ГОДИНА

Канада и во помала мера Швајцарија во 2018 година биле главните директни инвеститори во ЕУ. Компаниите на ЕУ инвестирале повеќе од 90 милијарди евра во Канада и креирале речиси 57 милијарди евра нето-обврски кон нивните канадски инвеститори.
Швајцарија покажува одредена регуларност во односот на странските директни инвестиции (СДИ) со ЕУ. Проценките во 2018 година укажуваат на пониско ниво на извоз и увоз на капитал (СДИ) со швајцарскиот пазар (63 милијарди евра и 27 милијарди евра следствено), споредено со 2017 година. Одливот и приливот на ЕУ СДИ во Швајцарија останал забележителен и во 2018 година, со што Швајцарија се најде на листата на главни актери на СДИ на пазарот на ЕУ.
Резултатите од 2018 година укажуваат на општо исклучување на директниот инвестициски капитал кој циркулира помеѓу ЕУ и остатокот од светот. Нето одливот на СДИ бил негативен-60 милијарди евра, што е дијаметрално спротивно на износот инвестиран во 2017 година, 301 милијарди евра. Ова се должи на севкупниот пад на извозот на капитал на СДИ на американскиот пазар. Според проценките, американските компании повлекле речиси 177 милијарди евра нето капитал на СДИ од пазарот на ЕУ. Како резултат на тоа инвеститорите на ЕУ се повлекле инвестиции од пазарот на САД со нето од 165 милијарди евра.




И покрај ограничената листа на партнери, износите инвестирани во ЕУ од други партнери на СДИ (и обратно) беа ограничени, и никогаш не надминуваа праг од 10 милијарди евра од секоја страна.
Деталните и ревидираните годишни податоци за СДИ во 2018 година ќе бидат објавени од Евростат во декември 2019 година.

https://ec.europa.eu

## БОРИС ЏОНСОН НОВ ЛИДЕР НА БРИТАНСКИТЕ КОНЗЕРВАТИВЦИ



Борис Џонсон е новиот премиер на Велика Британија и лидер на Конзервативците. На внатрепартиските избори, спроведени по оставката на Тереза Меј, Џонсон освои 92,153 гласа, наспроти неговиот противкандидат, Џереми Хант, со освоени 46,656 гласа од членовите на партијата.
Тој доаѓа на местото на Тереза Меј, која поднесе оставка откако нејзиниот план за брегзит во неколку наврати беше отфрлен во британскиот парламент.
Клучниот предизвик за Џонсон ќе биде прашањето како да се реализира Брегзитот. Во кампањата тој не ја отфрлаше ниту можноста за напуштање на ЕУ без договор, што наидува на жесток отпор на опозиционата Лабуристичка партија но и на дел од неговата Конзервативна партија.
Поранешната премиерка Тереза Меј, која планира да остане во парламентот истакна дека на Џонсон ќе му даде „целосна поддршка од задната канцеларија“, а конструктивна соработка очекува и Главниот преговарач на ЕУ за Брегзит, Мишел Барние.
Неколкумина членови на Владата на Меј веќе најавија дека ќе поднесат оставки пред Џонсон да стапи на новата функција и самиот да ги отпушти поради противењето на неговата намера Велика Британија да ја изведе од Европската унија без договор. Министерот за Европа и Америка, Алан Данкан и министерката за образование Ен Милтон веќе поднесоа оставки, а оставки најавија и министерот за финансии Филип Хамонд и министерот за правосудство Дејвид Гок.
Новиот британски премиер Борис Џонсон на 29 јули годинава се всели во Даунинг стрит 10 со неговата девојка Кери Симондс. Со ова Џонсон стана првиот британски премиер во историјата кој живее со невенчана партнерка во премиерската резиденција. Симондс со 29 години станала најмлад директор за комуникации во историјата на конзервативците, а аналитичарите велат дека нејзината улога била клучна во „доведувањето во ред на неуредната појава на Џонсон за време на кампањата“.

www.theguardian.com

## САМИТ НА ПРОЦЕСОТ ЗА СОРАБОТКА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА

На самитот на Процесот за соработка во Југоисточна Европа што се одржа во Јахорина на 9 јули годинава се усвои Декларација со која се нагласува дека целосната интеграција на регионот во ЕУ служи на најдобрите интереси на Европа и дека безбедноста на ЈИЕ е главен предуслов за безбедноста и стабилноста на целиот континент.
Посебно место во Декларацијата е посветено на зајакнувањето на безбедноста во регионот и посветеноста на земјите што учествуваат во ПС на ЈИЕ да работат заедно со цел ефикасно да се соочат со сите безбедносни закани во регионот.
Декларацијата оценува дека зајакнувањето на економската соработка меѓу членките на ПС на ЈИЕ, како и економиите на земјите од регионот и ЕУ, е од најголемо значење за економски раст, одржлив развој и просперитет на граѓаните на Југоисточна Европа.
Перспективата за членство во ЕУ се покажа како најмоќен поттик за неопходните реформи, како и најдобриот гарант за траен мир, стабилност и безбедност во регионот.




Документот ја нагласува потребата да се задржи моментумот на проширување и континуираната посветеност на реформите, како и кредибилитетот на политиката на проширување, базирана на строги и фер услови, регионална соработка и добрососедски односи и принципот на сопствени заслуги.

www.xinhuanet.com

## ВЛИЈАНИЕТО НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ВРЗ МЛАДИТЕ




Младите луѓе во нордиските земји се главни корисници на социјалните медиуми. Дебатите се водат главно на трошењето премногу време на социјалните медиуми и ризикот од нарушување на психолошката состојба.
Новиот Извештај од Институтот за истражување на среќата во име на Нордискиот совет на министри, опфаќа широк поглед на негативни влијанија на социјалните медиуми врз младите луѓе.

Извештајот анализира дали постои врска помеѓу менталното здравје на младите и користењето на социјалните медиуми. Група нордиски истражувачи сметаат дека младите луѓе кои напредуваат во животот, напредуваат и на социјалните медиуми затоа се наметнува потреба од повеќе релеванти факти за оценување на состојбата.
“Наместо да се обвинуваат младите за социјалните медиуми, треба да се фокусираме на проблемите на младите во однос на осаменоста и недостатокот на родителска поддршка - истакнува во извештајот Мајкл Биркер, виш аналитичар од Институт за истражување на среќата.
Главниот заклучок на извештајот е дека единствено социјалните медиуми не се одлучувачки фактор за благосостојбата на младите луѓе. Овој заклучок се темели на фактот дека користењето на социјалните медиуми на младите го одразува нивниот социјален живот и благосостојба. Кога станува збор за младите, нивниот социјален живот и нивните животи на социјалните медиуми не можат да се раздвојат.

www.norden.org

## ЛУКСЕМБУРГ СО НАЈВИСОКА СТАПКА НА АВТОМОБИЛИ ПО ЖИТЕЛ ВО ЕУ

Според истражувањето на Европската канцеларија за статистика - Евростат во 2017 година Луксембург со 670 патнички автомобили на 1000 жители беше на врвот на Листата на автомобили по жител во ЕУ. Потоа следеше Италија со 625 автомобили на 1000 жители, Финска (617 автомобили), Малта (613 автомобили) и Кипар (609 автомобили). Најголем број регистрирани патнички автомобили истата година е забележан во Германија со 46 милиони регистрирани автомобили.
Во текот на петгодишниот период од 2013 до 2017 година, забележан е голем раст на бројот на регистрирани патнички автомобили во неколку земји-членки. Најголем раст во овој период е забележан во Словачка (18%), по што следат Чешка и Португалија (и 17%), Естонија (15%), Малта и Унгарија (и 14%).

https://ec.europa.eu



## ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА БРАЧНИТЕ ДВОЈКИ ВО УНГАРИЈА



Како и многу други земји-членки на ЕУ, Унгарија страда од недостиг на работна сила, работниците ја напуштаат земјата во потрага по повисоки плати. Премиерот на Унгарија Виктор Орбан и неговата десничарска партија Фидес сакаат да го охрабрат растот на населението преку семејствата како одговор на масовната имиграција. Додека просечната стапка на плодност во ЕУ е 1,59, Унгарија заостанува на 1,49 деца по жена, според Евростат. Унгарските власти предложија бескаматен заем од 10 милиони форинти (30.950 евра) за семејни двојки. Заемот претставува дел од Акциониот план за заштита на семејството на Орбан, политика на седум точки објавена за време на обраќањето, која посветува 4,8% од БДП на програми за поддршка на семејствата и поттикнување на породувањето. Двојките мора да исполнуваат специфични критериуми: мора да бидат во брак; на еден од двајцата сопружници да му биде прв брак, сопругата мора да биде на возраст од 18 до 40 години, и еден од сопружниците да има платено социјални придонеси минимум 180 дена во Унгарија. Согласно новата шема, предвидени се субвенции за автомобил за големи семејства и ослободување од данок врз приходи на жени кои одгледале најмалку четири деца. Според податоците на државните служби, од почетокот на јули 2.400 семејства побарале таков кредит, а 14.000 семејства побарале најмалку еден елемент од планот.

https://hungarytoday.hu

## НОВА ДИГИТАЛНА ПУБЛИКАЦИЈА НА ЕУРОСТАТ

Околу половина милијарда луѓе кои денес живеат во ЕУ 8% од нив немаат националност од земјата во која живеат. Околу 1,3 милиони европејци живеат во една земја, но работат во друга земја од ЕУ, околу 1,7 милиони студенти од ЕУ студираат во странство. На 9 јули годинава Еуростат ја објави новата дигитална публикација „Луѓе во движење - статистика за мобилноста во Европа“. Денес, луѓето во Европа се во движење многу повеќе од кога било досега. Оваа мобилност може да се гледа од повеќе аспекти, бидејќи има многу причини за движење: миграција, образование, работа или туризам.

https://ec.europa.eu



*ЕУ КАЛЕНДАР / септември 2019*

*1.Граѓански енергетски форум, 12-13/09/2019, Даблин, Ирска;*
*2.Пленарна сесија на Европскиот парламент, 16-19/09/2019, Стразбур;*
*3. Европска недела на мобилност 2019, 16-22/09/2019, низ Европа;*
*4. Европска недела на спорт 2019, 23-30/09/2019, низ Европа;*
*5. Глобален самит за регулаторна наука 2019 - нанотехнологија и нанопластика, 24-26/09/2019, езеро Магиоре, Италија;*
*6. Втор европски самит за образование, 26/09/2019, плоштад, Брисел.*




Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО**

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk

*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*

*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции.*

*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




